РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-42/1
03.01. 2023 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2022 ГОДИНА

Арх. бр. 11-42/1
3 јануари 2023 година, Велес

## СОДРЖИНА

1. Содржина ........................................................................................................ 2
2. Вовед ................................................................................................................ 3
3. Табеларен приказ на активности
(Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани согласно датумот на реализирање) ............................................................................ 3
4. Текстуално образложение на активности ............................................... 11
5. Образложение за Извештајот ..................................................................... 31
6. Легенда на кратенки....................................................................................... 31
7. Документи во прилог....................................................................................... 31

**До**
**Градоначалник на Општина Велес**
**Совет на Општина Велес**
**Агенција за млади и спорт**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и врз основа на Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади од Општина Велес, го изработи и достави до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, следниот:

## ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Службеникот за млади од Општина Велес во 2022 година

### Табеларен приказ на активности

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Доставен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2021 година | Градоначалник / СОВ / АМС | 3 јануари 2022 | 11-38/1 |
| 2 | Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во 2021 година | Совет на Општина Велес | 1 февруари 2022 | 25-555/12 |
| 3 | Објавен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2021 година | / | 7 февруари 2022 | / |
| 4 | Одржана фокус група со млади во рамки на проектот „All for YOU(th)" | ЗГ „Младите можат", Скопје | 26 февруари 2022 | 03-1026/1 |
| 5 | Донесена Одлука на СОВ за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или рганизација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес | Совет на Општина Велес | 28 февруари 2022 | 25-1130/11 |
| 6 | Донесен Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или | Совет на Општина Велес | 28 февруари 2022 | 25-1130/12 |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес | | | |
| 7 | Одржана работилница за младинска работа и сервиси за млади | Сојуз за младинска работа (СМР) | 1 март 2022 | 11-1131/1 |
| 8 | Објавен Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес | Службеник за млади | 3 март 2022 | 11-1657/1 |
| 9 | Одржана презентација за европската образовна мрежа Европас | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | 25 март 2022 | 11-1132/1 |
| 10 | Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер | ЗГ „Македонско здружение на млади правници", Скопје | 28 март 2022 | 26-1450/1 |
| 11 | Донесено Решение за формирање на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар Велес | Градоначалник | 21 април 2022 | 08-1657/2 |
| 12 | Пристигната пријава по Јавен повик за раководење со Младински центар во Велес | Општина Велес | 26 април 2022 | 08-1657/3 |
| 13 | Одржани две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар Велес | Членови на Комисија од општинска администрација и членови на СОВ | 28 и 29 април 2022 | 02-1657/4<br>02-1657/6 |
| 14 | Изготвени Записници од одржани две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со | Службеник за млади | 28 и 29 април 2022 | 02-1657/5<br>02-1657/12 |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | Младински центар Велес | | | |
| 15 | Изготвено Мислење за избор на младинска организација или организација за млади до Градоначалник | Комисија за евалуација на поднесени пријави | 29 април 2022 | 02-1657/13 |
| 16 | Одбележан 9 Мај, Денот на Европа - Работилница за ЕУ и поставување на камена инсталација од знамиња | ОЈУДГ „Димче Мирчев", ЈКП „Дервен" | 9 Мај 2022 | / |
| 17 | Одбележан 9 Мај, Денот на Европа - Youth talk со млади и претставници на Европска куќа, Крива Паланка | Млади, Претставници на Европска куќа, Крива Паланка | 9 Мај 2022 | / |
| 18 | Учество во работилница „Преку учество до заедница по мерка На младите" во Велес | Синдикат на УПОЗ на РМ | 16, 17 и 18 мај 2022 | / |
| 19 | Спроведена анкета за потребите и приоритетите на младите од Велес | Синдикат на УПОЗ на РМ | 19 – 26 мај 2022 | / |
| 20 | Донесено Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес | Градоначалник | 23 мај 2022 | 08-1657/14 |
| 21 | Учество на регионална информативна средба на Службеници за млади во Скопје | АМС и СМР | 25 мај 2022 | 11-2375/1 |
| 22 | Потпишан Договор со избрана организација по Јавен повик за раководење со Младински центар | Градоначалник и избрана организација | 25 мај 2022 | 08-1657/15 |
| 23 | Учество на настан за промоција на проект „Младински активизам за позелени општини" | Македонско здружение на млади правници / Здружение за одржлив развој и заштита на животна средина „Гоу грин" / Центар за климатски промени и | 17 јуни 2022 | / |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Баратеl на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | | Здружение на млади „Креактив" | | |
| 24 | Донесена Одлука на СОВ за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес | Совет на Општина Велес | 1 јули 2022 | 25-3143/3 |
| 25 | Одржан состанок за примопредавање на простории за користење на Младински центар Велес (Записник и Пописна листа) | Избрана организација за млади Фондација за локален развој и демократија „Фокус", Велес | 6 јули 2022 | 11-1657/19<br>11-1657/20 |
| 26 | Учество во работилница „Преку учество до заедница по мерка на младите", втор дел | Синдикат на УПОЗ на РМ | 8 јули 2022 | 11-3099/1 |
| 27 | Обраќање на панел дискусија, проект „DIGY – Дигиталното учество е лесно", Скопје | Коалиција на младински организации СЕГА | 11 јули 2022 | / |
| 28 | Одговорено Барање за пристап до информации од јавен карактер | Центар на активни граѓани АКТИВО, Велес | 21 јули 2022 | 26-3448/1 |
| 29 | Отворен Младински центар во Велес | Општина Велес<br>Влада на РСМ<br>СОВ<br>НВО<br>Млади<br>СМР<br>АМС<br>Медиуми | 12 август 2022 | 08-1657/23<br>08-1657/24<br>08-1657/25 |
| 30 | Одбележан меѓународниот Ден на младите | Младински центар, Велес | 12 август 2022 | / |
| 31 | Учество на „Обука за градење капацитети на Службениците за млади за младинско учество и младински политики", Попова Шапка | Мисија на ОБСЕ, Скопје, Коалиција на младински организации СЕГА | 23 и 24 август 2022 | 11-3704/1 |
| 32 | Присуство на завршен настан организиран од Мировен корпус, Скопје | Мировен корпус | 7 | / |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | | | септември 2022 | |
| 33 | Учество на регионална конференција "Regional Melting Pot – Innovations, Culture and Youth Work", Осијек, Република Хрватска | СМР и ЕУ | 9 септември 2022 | 11-3714/1 |
| 34 | Европска недела на спортот 2022 | АМС | 13 септември 2022 | / |
| 35 | Учество на завршен настан „Демонстрација на иновација", Скопје | Мултифункционалниот центар „Крикни" | 15 септември 2022 | / |
| 36 | Европска недела на мобилност 2022 | Општина Велес | 16 – 22 септември 2022 | / |
| 37 | Одговорено Барање за пристап до информации од јавен карактер | Ивана Атанасовска, Битола | 27 септември 2022 | 26-4291/1,2,3,4,5 |
| 38 | Доставен одговор во врска со процесот на формирање на ЛМС во Општина Велес | АМС | 29 септември 2022 | 11-4381/1 |
| 39 | Објавен Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес | Општина Велес | 5 октомври 2022 | 11-4444/1 |
| 40 | Донесено Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аатво процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Градоначалник | 17 октомври 2022 | 08-4444/4 |
| 41 | Претставување на програмските активности на Младински центар, Велес | Младински центар, Општински средни училишта во Велес | 17 – 31 октомври 2022 | / |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 42 | Одржана седница на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес | Членови на Комисија | 18 октомври 2022 | 02-4444/6 |
| 43 | Изготвен Записник од одржана седница на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот наконституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес | Членови на Комисија | 20 октомври 2022 | 02-4444/7 |
| 44 | Изготвено Мислење за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Членови на Комисија | 3 ноември 2022 | 02-4444/18 |
| 45 | Донесено Решение за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Градоначалник | 4 ноември 2022 | 08-4444/19 |
| 46 | Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер | Центар на активни граѓани АКТИВО, Велес | 11 ноември 2022 | 26-4943/1 26-4943/2 |
| 47 | Одговорен Прашалник за изработка на Национална Стратегија за млади 2023 – 2027 | АМС УНДП УНФПА | 24 ноември 2022 | / |
| 48 | Учество на обука за млади, Охрид | Коалиција на младински организации СЕГА | 1-3 декември и 15 - 17 декември 2022 | / |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 49 | Одржана конститутивна седница на Локално Собрание на млади на Општина Велес / Објавен Јавен повик за избор на членови на Локален Младински Совет на Општина Велес | Службеник за млади, Локално Собрание на млади | 2 декември 2022 | 11-4444/50 |
| 50 | Одбележан 5 декември, Меѓународниот Ден на волонтерство | Службеник за млади, Ученички организации, Младински центар, Локално Собрание на млади | 5 декември 2022 | / |
| 51 | Учество на обука за млади, Маврово | Програма за развој на Обединетите Нации (УНДП), Фонд за население на Обединетите Нации (УНФПА), СОУ „Гимназија Кочо Рацин", Велес | 5 и 6 декември 2022 | / |
| 52 | Консултација и дадено мислење во врска со изработка на Прирачник за работата на Службениците за млади | Агенција за млади и спорт, Коалиција на младински организации СЕГА, Европска унија и Мисија на ОБСЕ | 6 декември 2022 | / |
| 53 | Одржана седница на Комисија за подготовка на Деловник за работа на Локалното Собрание на млади | Членови на Комисија | 13 декември 2022 | 11-4444/52 |
| 54 | Одржана седница на Комисија за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет | Членови на Комисија | 15 декември 2022 | 11-4444/68 |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 55 | Учество на конференција за вклучување на младински организации и млади во процесите на креирање политики за животна средина, х. Хилтон, Скопје | Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Здружение за одржлив развој и заштита на животна средина ГОУ ГРИН, Центар за климатски промени и Здружение на млади „Креактив" и Младински центар | 20 декември 2022 | / |
| 56 | Одржана Прва седница на Локално Собрание на млади на Општина Велес | Локално Собрание на млади | 21 декември 2022 | 11-4444/72 |
| 57 | Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни | Службеник за млади | во тек на цела 2022 година | / |

- **Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани согласно датумот на реализирање.**

## Текстуално образложение на активности

1. **Доставен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2021 година**

Согласно член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади (08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади изготвува годишен Извештај за работата на иституцијата во делокругот за млади и го доставува до Агенцијата за млади и спорт, Градоначалникот на општината и Советот на општината. Истиот, на 3 јануари 2022 година, по електронски и поштенски пат е доставен до Агенцијата за млади и спорт, до Градоначалникот на Општина Велес и до Советот на Општина Велес (арх. бр. 11/38-1, од 3 јануари 2022 година).

**Прилог 1:** Извештај за работата на Службеникот за млади во 2021 година.

2. **Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во 2021 година**

На првата седница на Советот на Општина Велес, одржана на 31 јануари 2022 година, Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2021 година беше ставен на разгледување и беше донесен Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2021 година (арх. бр. 25-555/12 од 01.02.2022 година).

**Прилог 2:** Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес за 2021 година.

3. **Објавен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2021 година на интернет страницата на Општина Велес**

Согласно член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади (08-2102/1, од 20.05.2021 година), по изготвувањето и доставувањето на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес за 2021 година до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, истиот е јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес.

(**линк:** https://veles.gov.mk/downloads/2022/Fevruari/IzvestajMladi2021.pdf )

4. **Одржана фокус група со млади во рамки на проектот „All for YOU(th)"**

Во рамки на проектот „All for YOU(th)" поддржан од Европската Унија, ЗГ „Младите можат" од Скопје спроведе национално истражување кое има за цел да направи увид во моменталната состојба на сервисите за ментално здравје во средните училишта. За таа цел, во соработка со Општина Велес, се одржа работилница со фокус група од десет учесници од средните училишта. Фокус групата ги опфати мислењата на младите од Велес и е една од осумте фокус групи кои се одржуваа во сите плански региони.

5. **Донесена Одлука на СОВ за објавување на Јавен повик за избор на Младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

Согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен Весник на РСМ" 10/20), каде се дефинирани Младинските центри, општините се задолжени да основаат Младински центри како форма на соработка помеѓу општините и младинските форми на организирање, регулирани со овој закон.

Во Правилникот за стандарди за квалитет на Младинските центри (арх. бр. 12-923/1, од 07.04.2021 година), донесен од Агенцијата за млади и спорт (АМС), а подготвен во соработка со членките-организации на Сојузот за младинска работа (СМР), се дефинирани условите за објавување на Јавен повик, потребната документација која апликантот треба да ја поднесе, финансиските средства кои ги обезбедува ЕЛС и друго.

Процесот на формирање на Младински центар во Велес, согласно Законот за младинско учество и младински политики, Советот на Општина Велес го започна во 2021 година со донесување на Одлука за намена на простор во ЛБ „Гоце Делчев" во сопственост на Општина Велес (арх. бр. 25-2630/5 од 01.07.2021 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 09/21) и со донесување на Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар во Велес (арх. бр. 25-3094/5, од 04.08.2021 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/21).

Со донесувањето на Одлуката за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 25-1130/11 од 28.02.2022 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22) се утврди потребата од објавување на Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, се дефинира правото на учество и условите кои треба да ги исполнуваат апликантите кои се регулирани во посебно изготвен Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар во Велес, донесен од страна на Советот на Општина Велес (арх. бр. 25-1130/12 од 28.02.2022 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22), додека пак Градоначалникот на Општина Велес беше задолжен да спроведе постапка за објавување на Јавен повик, јавно и транспарентно објавен на официјалната интернет страница на општината и да формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

**Прилог 5:** Одлука за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

6. **Донесен Правилник од СОВ за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар во Велес**

Овој Правилник ги следи насоките вградени во Правилникот за стандарди на квалитет на младинските центри, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт (АМС), подготвен во соработка со членките-организации на Сојузот за младинска

работа (СМР), а истовремено ги следи и утврдените законски рамки кои се дел од Законот за младинско учество и младински политики.

Во овој посебно изготвен Правилник, донесен од СОВ, на седницата одржана на 25 февруари 2022 година (арх. бр. 25-1130/12 од 28.02.2022 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22) е дефинирано правото на учество и се утврдени условите кои треба да ги исполнуваат младинските организации или организациите за млади - апликанти на Јавно објавениот повик за избор на младинска организација или организација за млади за раководење на Младинскиот центар во Велес.

**Прилог 6:** Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

## 7. Одржана работилница за Младинска работа и сервиси за млади

На 1 март 2022 година беше одржана работилница за Младинска работа и сервиси за млади, на која како гостин – предавач беше поканет да земе учество Службеникот за млади од Општина Велес. Оваа работилница е дел од Програмата за образование за возрасните *Работник со млади*. Програмата ја спроведува Сојузот за младинска работа (СМР), како верификувана установа за образование на возрасните, а во неа учествуваат тринаесет учесници од различни организации кои имаат искуство во работа со млади.

Целта на работилницата беше продлабочување на сознанијата за сервисите за млади и претставување на работата на Службеникот за млади пред учесниците на часот. Службеникот за млади од Општина Велес имаше свое обраќање на работилницата, каде зборуваше за постоечките сервиси за млади, сподели релевантни информации во врска со функцијата и работата на Службеникот за млади, како и генерални информации во врска со работата на Канцелариите за млади, предвидени во Законот за младинско учество и младински политики.

По обраќањето, следеше отворена дискусија на присутните со Службеникот за млади од Општина Велес.

Часот се одржа online, преку платформата zoom, додека модератор беше Билјана Василевска Трајкоска, претставничка на СМР.

## 8. Објавен Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади за раководење на Младински центар во Велес

Согласно донесената Одлука на СОВ за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 25-1130/11 од 28.02.2022 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22), на официјалната интернет страница на Општина Велес, јавно и транспарентно е објавен Јавниот повик, заедно со Правилникот за утврдување на условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар во Велес и останати документи во прилог.

(**линк објава:** https://veles.gov.mk/javen-povik-mladinska-organizacija-2022/
**линк документи:** https://veles.gov.mk/mladinski-centar/ )

9. **Одржана презентација за европската образовна мрежа Европас**

Во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а согласно тригодишната програма за европската образовна мрежа Европас, со која раководи Агенцијата, во Општина Велес се одржа презентација / обука наменета за млади невработени лица до 30 години.

Презентацијата се одржа на 25 март 2022 година, во времетраење од еден час.

10. **Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на ЗГ „Македонско здружение на млади правници", Скопје, а во врска со постапките за отворање на Локалниот младински совет, вклучувањето на младите во процесот на донесување на одлуки и активноста на граѓанските организации на територија на Општина Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 28 март 2022 година (арх. бр. 26-1450/1).

Одговорот по електронски пат е доставен до Александра Цветановска, претседателка на Здружението.

11. **Донесено Решение за формирање на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар во Велес**

Согласно донесената Одлука на СОВ за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 25-1130/11 од 28.02.2022 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22) и согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 25-1130/12, од 28 февруари 2022), Градоначалникот формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик, составена од претседател и четири (4) членови. Комисијата, како тело е одговорно за оцена на поднесените пријави и има задача да ги разгледа и оцени сите пристигнати пријави кои се добиени по распишан Јавен повик. Комисијата врз основа на доставената документација за исполнување на критериумите, во рок од три (3) дена по завршување на рокот од Јавниот повик, доставува Мислење со предлог за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес до Градоначалникот. Комисијата ги известува сите учесници на Јавниот повик за резултатите од истиот во рок од три (3) дена од денот на донесувањето на Решението за избор.

**Прилог 11:** Решение за формирање на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар во Велес

**12. Пристигната пријава по Јавен повик за раководење со Младински центар во Велес**

Согласно Јавниот повик за поднесување пријави од младински организации или организации за млади за раководење со Младински центар во Велес, во Општина Велес е пристигната една (1) пријава (арх. бр. 08-1657/3, од 26 април 2022) од група здруженија на граѓани.

**13. Одржани две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар Велес /**

**14. Изготвени Записници /**

**15. Доставено Мислење до Градоначалник**

На 28 април (четврток) и 29 април (петок) 2022 година, Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар Велес, одржа две седници (арх. бр. 02-1657/4 и 02-1657/6, од 28 и 29 април 2022), за што изготви и Записници (арх. бр. 02-1657/5 и 02-1657/12, од 28 и 29 април 2022), врз основа на кои до Градоначалникот на Општина Велес, достави Мислење за избор на организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 02-1657/13, од 29 април 2022 година).

**17. Одбележан 9 Мај, Денот на Европа - Работилница за ЕУ и поставување на камена инсталација од знамиња**

Во рамки на активностите за одбележување на 9 Мај, Денот на Европа, Општина Велес во соработка со ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев", Велес, организираше работилница за Европска унија, на која дечињата од големата група, секој поединечно во својство на „претставник" на државите – членки на ЕУ, заедно со Градоначалникот на Општина Велес, разговараа за постоењето на Европската унија и за поединостите на секоја членка на европското семејство.

По завршувањето на работилницата, во дворот на Општина Велес, дечињата ги поставија рачно изработените знамиња на државите врз камената инсталација (креативно изразување и поставување на европското, македонското и општинското знаме), изработена од страна на ЈКП „Дервен".

(**Линк:**https://veles.gov.mk/so-najmalite-opstina-veles-go-odbeleza-denot-na-evropa-9-maj/).

**18. Одбележан 9 Мај, Денот на Европа - Youth talk со млади и претставници на Европска куќа Крива Паланка**

Во рамки на активностите за одбележување на 9 Мај, Денот на Европа, Општина Велес во соработка со Europe house Крива Паланка, организираше „Youth talk со Europe house Крива Паланка" со младите велешани. На оваа средба, во опуштена атмосфера се разговараше за можностите и придобивките од постоењето на Европска куќа во својот град, каде младите, не само од градот, туку и од регионот, ќе можат да ги остваруваат своите идеи, реализираат своите цели, но и да стекнат искуство во работењето на проекти, знаења за Европската Унија и

да ги подобрат своите лични и професионални вештини, преку работилници, проекти и друго.

Модератор на работилницата беше Службеникот за млади од Општина Велес, а претставник од Европска куќа Крива Паланка беше Благородна Пешевски.

**(линк 1, Европска куќа Крива Паланка:** https://www.facebook.com/110308777995979/posts/pfbid0rJB2TQ9zwufLoGUfE5DBnUMHKNdPwDbhvN5JZmGPW5CrmvYquLa9SJ4yq2eWjtcil/,
**линк 2, Општина Велес:** https://veles.gov.mk/veleskata-mladina-europe-house-2022/)

**19. Учество во работилница „Преку учество до заедница по мерка на младите"**

Во организација на Синдикатот на УПОЗ на РМ, во периодот од 16 до 18 мај 2022 година, во Велес, се одржа работилница дел од проектот „Преку учество до заедница по мерка на младите", на која активно учество зема и Службеникот за млади од Општина Велес.

Проектот кој е поддржан од Европската младинска фондација и Советот на Европа, а Општина Велес е партнер во истиот.

(**Линк:** https://veles.gov.mk/opstina-veles-vo-presret-na-svoite-mladi-sogragjani/)
**Прилог 19:** Покана за учество

**20. Спроведена анкета за потребите и проритетите на младите од Велес**

Во соработка со Синдикатот на УПОЗ, во периодот кој следеше по организираната тридневна работилница во Велес, дел од проектот „Преку учество до заедница по мерка на младите", беше спроведена анкета помеѓу младите велешани, со цел утврдување на потребите на младите од градот Велес, за што, во периодот кој следи ќе се работи на остварување на приоритетите на младите велешани.

Анкетата иницијативно е изработена за потребите на проектот „Преку учество до заедница по мерка на младите" кој го реализира Синдикалниот центар за едукација и обуки, а поддржан од Европската младинска фондација на Советот на Европа, во рамки на проектот „Демократина овде – Демократија сега".

Покрај Службеникот за млади од Општина Велес, во спроведувањето на анкетата, учествуваа и останатите вработени од општинската администарција, членови на УПОЗ, кои беа дел и од претходно организираната тридневна работилница. Резултатите од истата ќе бидат презентирани на следна работилница, организирана од УПОЗ во текот на летниот период.

**21. Донесено Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес**

Градоначалникот на Општина Велес, согласно Одлуката за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22) и Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/22), распиша Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

Посебно формирана Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави (арх. бр. 08-1657/2, од 21 април 2022 година), во утврдениот рок, до Градоначалникот на Општина Велес достави Мислење со предлог за избор на организација (арх. бр. 02-1657/13, од 29 април 2022 година) која ги исполни зададените услови по јавниот повик, врз основа на кое Градоначалникот донесе Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 08-1657/14), односно беше избрана организацијата за млади Фондација за локален развој и демократија „Фокус" од Велес, која во име на групата организации, заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов" од Велес ќе раководи и управува со Младинскиот центар Велес во временски период од три години.

**22. Учество на регионална информативна средба на Службеници за млади**

По покана на Сојузот за младинска работа (СМР), Службеникот за млади од Општина Велес присуствуваше и зема активно учество на регионалната средба на Службеници за млади, која се одржа на 25 мај 2022 година, во просториите на Агенцијата за млади и спорт во Скопје. На средбата се разговараше, се разменија мислења и се споделија искуства од процедурите за отворање на Младински центри според Законот за младинско учество и младински политики од страна на градовите каде се веќе отворени или се во процес на отворање Младински центри.

На средбата покрај Службениците за млади и претставници на правните служби од општините од Вардарскиот плански регион, беа присутни и претставници од Сојузот за младинска работа, од Агецијата за млади и спорт, како и Советникот за млади на Претседателот на Владата.

**Прилог:** Покана за учество

**23. Потпишан Договор со избрана организација по Јавен повик за раководење со Младински центар во Велес**

По донесеното Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, од страна на Градоначалникот, беше склучен Договор за управање со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 08-1657/15, од 25 мај 2022 година) помеѓу Градоначалникот на Општина Велес и избраната организација за млади Фондација за локален развој и демократија „Фокус" од Велес.

Предмет на овој Договор е утврдување на правата и обврските на двете договорни страни за начинот на раководење и управување со Младински центар Велес. Исто така во него е конкретизирано управувањето и раководењето со Младинскиот центар дека ќе го врши Фондација за локален развој и демократија „Фокус", Велес во име на група организации, заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес.

**24. Учество на настан за промоција на проект „Младински активизам за позелени општини"**

По покана на Македонското здружение на млади правници (МЗМП), на 17 јуни 2022 година, Службеникот за млади од Општина Велес зема учество на настан за промоција на проектот „Младински активизам за позелени општини". Настанот беше организиран, а проектот имплементиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во соработка со Здружението за одржлив развој и

заштита на животна средина „Гоу грин", Центарот за климатски промени и Здружението на млади „Креактив".

Проектот е поддржан од Европската Унија, во рамки на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2020 - Support to civic youth initiatives, activism and volunteering in local communities, а има за цел да го зајакне влијанието на младинските активисти и младинските организации во политиките и процесите за заштита на животната средина кои се спроведуваат на локално ниво.

На настанот беа присутни и претставници на Делегацијата на ЕУ, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за млади и спорт, Клубот за младински прашања и политики при Собранието на РСМ, Млади европски амбасадори и други.

**Прилог 24:** Покана за учество.

**25. Донесена Одлука на СОВ за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

Следејќи ги насоките од Прирачникот за Локални младински совети, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт, како и Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30 јуни 2022 година, донесе Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 25-3143/3, од 1 јули 2022 година), со која се дозволува да се спроведе Јавен повик со кој се одредуваат членовите на Иницијативниот одбор (ИО) за конституирање на Локалното собрание за млади на Општина Велес.

Формирањето на Иницијативниот одбор (ИО) е првиот чекор до формирање на Локалниот младински совет (ЛМС).

Јавниот повик е објавен по електронски пат на официјалната интернет страница на општината, во делот „Млади" и во себе ги содржи условите и начинот на пријавување и избор на членови на Иницијативниот одбор, како и пропратната документација која подносителот на пријавата ја доставува при аплицирањето на повикот.

**Линк:** (https://veles.gov.mk/formiranje-inicijativen-odbor/)

**Прилог 25:** Одлука на СОВ

**26. Одржан состанок за примопредавање на простории за користење на Младински центар Велес**

Согласно Договорот за управување со Младински центар во Велес, претставници на Општина Велес, на ЛБ „Гоце Делчев", Велес, како и на партнер организациите кои раководат со Младинскиот центар во Велес, одржаа состанок за примопредавање на простории, кои со Одлука на Советот на Општина Велес (арх. бр. 25-2630/5, од 01.07.2021 година) се наменети за функционирање на Младинскиот центар, а се во рамки на објектот на ЛБ „Гоце Делчев", Велес.

Од истиот беше изготвен Записник (арх. бр. 11-1657/19, од 6 јули 2022 година), како и Пописна листа на основни средства за двете простории (арх. бр. 11-1657/20, од 6 јули 2022 година) кои се предаваат на користење на избраната организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

**27. Учество во работилница „Преку учество до заедница по мерка на младите", втор дел**

На ден 08 јули 2022 година, во Скопје, се одржа втората работилница, односно продолжение на проектот „Преку учество до заедница по мерка на младите", на која беа презентирани резулатите од истражувањето кое беше спроведено во Велес. Исто така се и разговараше за темите кои беа посочени за време на тридневната работилница одржана во Велес во текот на месец мај 2022 година, со акцент на темата за *мобинг.*

На работилницата присуствуваа претставници од повеќе национални и локални институции, членови на Синдикалната организација на УПОЗ, како и Службеници за млади од истите институции.

**28. Обраќање на панел дискусија, проект „DIGY – Дигиталното учество е лесно", Скопје**

По добиена покана од страна на Коалиција на младински организации „СЕГА", Службеникот за млади од Општина Велес зема учество со свое обраќање на завршната Конференција на проектот „DIGY – Дигиталното учество е лесно", која се одржа на 13 јули 2022 година, во х. Амбасадор, Скопје, односно на Панел дискусијата на тема „Младинско учество во процесите на донесување одлуки во локалните самоуправи - Искуства и предизвици".

На настанот присуствуваа Службеници за млади во институции и општини од Скопје, претставници на образовни институции, претставници на младински организации, институции, студенти и млади, како и Младинскиот работник од Младински центар Велес.

**Прилог 28:** Покана

**29. Одговорено Барање за пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Центар на активни граѓани АКТИВО, Велес, (арх. бр. 26-3448/1, од 21 јули 2022 година), а во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 22 јули 2022 година (арх. бр. 26-3448/2, од 22 јули 2022 година).

Одговорот по електронски пат е доставен до Центар на активни граѓани АКТИВО, Велес.

**30. Отворен Младински центар во Велес и**

**31. Одбележан меѓународниот Ден на младите**

Официјалното отворање на Младинскиот центар во Велес се случи на 12 август 2022 година, со што беше одбележан и меѓународниот Ден на младите 2022. Покрај Градоначалникот на Општина Велес, на церемонијата на отворањето беа поканети и присуствуваа претставници на Владата на РСМ, СОВ, СМР, АМС, Младинскиот центар од Кавадарци, претставници на медиумите и останати граѓани.

По завршување на официјалниот дел од церемонијата на официјално отворање на Младинскиот центар, одбележувањето на Денот на младите продолжи со активности во Младинскиот центар, каде тимот на волонтери преку друштвени и интерактивни игри имаше можност подобро да се запознае меѓусебно. На крај беше организирана и работилница, на која волонтерите од Младинскиот центар

изработија креативни мисли преку кои беше објаснето значењето на поимите *волонтерство*, *млади* и *Младински центар*, кои потоа беа поставени на јавни површини во градот.

**Линк 1:**
https://www.facebook.com/page/371536522963981/search/?q=%D0%9E%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%9C%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D1%86%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%92%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81

**Линк 2:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid025AHZuUNVnKBJb21xva9HKZxggLtYQwSVo2jkuQywQTmZX9LvDdkJqLGp3GdAAEPYI&id=109112685238722&mibextid=89stFX

**Видео:** https://m.youtube.com/watch?v=4nDQmLStMZw

**32. Учество на „Обука за градење капацитети на Службениците за млади за младинско учество и младински политики", Попова Шапка**

По покана на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Службеникот за млади при Општина Велес зема активно учество на „Обука за градење капацитети на службениците за млади за младинско учество и младински политики", која се одржа во Попова Шапка, на 23 и 24 август 2022 година. На Обуката учество земаа и останати Службеници за млади од единици на локални смаоуправи, како и од државни институции, претставници на Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и претставници на Коалиција на младински организации СЕГА.

**Прилог:** Покана

**33. Присуство на завршен настан организиран од Мировен корпус, Скопје**

Службеникот за млади од Општина Велес и младинскиот работник од Младинскиот центар, по покана на Мисијата на Мировниот корпус, присуствуваа и земаа учество на завршниот настан насловен „Иницијатива за поддршка на развој на волонтерски програми за граѓански организации", во организација на Мировен корпус. Истиот се одржа во Јавна соба, Скопје, на 7 септември 2022 година.

По успешното учество на едномесечен online курс за младински работници и креирање на волонтерски програми за млади, на кој учество зема младинскиот работник од Младинскиот центар, беше организиран овој завршен настан, каде пред присутните се обрати и воведен збор даде директорката на Мировен корпус г-ѓа Дебора Конер. Исто така беа претставени и организациите и Младинските центри кои беа вклучени во проектот: Здружение за социјални иновации "АРНО" – Скопје, Центар за еднакви можности „Бубамара" – Тетово, Центар за истражувања и анализи „Новус" – Струмица, Младински центар – Велес и Младински центар – Кавадарци.

Меѓудругото, присутните ја искористија можноста за размена на информации и остварување меѓусебни контакти за идни соработки.

**Линк:**
https://www.facebook.com/100064438732101/posts/pfbid0amoZytHsPrtESpT1qepY5CnNqCLZ39qN1tJSdabDdrWTkCPsy6jz5eEvuUHxPdnel/

**Прилог 33:** Агенда

**34. Учество на регионална конференција "Regional Melting Pot – Innovations, Culture and Youth Work", Осијек, Република Хрватска**

По покана на Сојузот за младинска работа (СМР), Службеникот за млади при Општина Велес, Младинскиот работник во Младинскиот центар Велес, како и две млади лица од Велес, земаа учество на Регионалната конференција "Regional Melting Pot – Innovations, Culture and Youth Work", на 9 септември 2022 година, во Осијек, Република Хрватска. Конференцијата е дел од партнерска иницијатива спроведена во три држави (Хрватска, Србија и Северна Македонија) за проектот "The Melting Pot", поддржан од Еразмус+ програмата, преку Националната агенција „Фондација Темпус", Србија. На Конференцијата учество земаа ибеа дел од македонската делегација претставници на НУ Музеј Прилеп, Службеник за млади и претставници на Локалниот Младински совет и Советот на Општина Неготино.

**Линк:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid02kCYFbPHqfqwTQqznkUVv96hKLZULcsVHXMrD1cttj5M3ZVFkbavXoxziEoXaBkLAl&id=109112685238722&mibextid=89stFX

**Прилог 34:** Покана

**35. Европска недела на спортот 2022**

На просторот во Градскиот парк во Велес, на терените на т.н. Ракометно игралиште, на велосипедската патека (Pump Track), на просторот на фитнес зоната и на теренот на тениското игралиште, истовремено се одржаа неколку спортски активности, со кои Општина Велес во соработка со Агенцијата за млади и спорт, ја одбележаа Европската недела на спортот 2022. Настанот го организираше тим на ученици од основните општински училишта „Васил Главинов" и „Блаже Конески" со одговорни наставници, а во координација на Службеникот за млади од Општина Велес. Поддршка на истиот дадоа и членовите на Тенискиот клуб „Борец Велес" од Велес. Настанот се одржа на 13 септември 2022 година, а во организацијата беа вклучени и волонтерите и младинскиот рабонитк од Младинскиот центар во Велес.
(**линк**: https://veles.gov.mk/odbelezana-evropska-nedela-na-sportot/)

**36. Учество на завршен настан „Демонстрација на иновација", Скопје**

По покана на Сојузот за младинска работа (СМР) за организирање на завршен настан насловен „Демонстрација на иновација", а по одржувањето на Регионалната окнференција во Осијек, Република Хрватска, на 15 септември 2022 година во Скопје, во просториите на Мултифункционалниот центар „Крикни", беа претставени резултатите од проектот „The Melting Pot", со акцент на еден од клучните резултати – Буклетот на иновативни практики во работата со млади во областа на културата, како и презентација и тестирање на дел од идентификуваните дигитални алатки/методи. Преку интернет врска со претставниците од Србија и Хрватска, се

дискутираше за начините на примена на идентификуваните алатки во работата со младите. Поради неможност за лично присуство на Службеникот за млади при Општина Велес, на овој настан беа присутни Младинскиот реботник од Младинскиот центар, како и млади волонтери од Центарот.

**Прилог 36:** Покана

**37. Европска недела на мобилност 2022**

Во рамки на активностите за одбележување на Европската недела на мобилност 2022 на Општина Велес, Младинскиот центар со своите волонтери беше активно вклучен во осмислувањето на Програмата, како и во реализацијата на истите, во координација со Службеникот за млади.

(**линк** Програма:https://veles.gov.mk/odbelezuvanje-evropska-nedela-mobilnost-2022/)
(**Линк 1**: https://veles.gov.mk/evropskata-nedela-na-mobilnost-zapocna/;
**Линк 2**: https://veles.gov.mk/preku-igra-i-zabava-do-mobilnost/;
**Линк 3**: https://veles.gov.mk/mojata-prikazna-spodeluvanje-licni-iskustva/;
**Линк 4**: https://veles.gov.mk/izvidnicka-tura-veles-vrsnik/;
**Линк 5**: https://veles.gov.mk/mladite-i-pravilata-na-odnesuvanje-vo-soobrakajot/)
**Видео:**
https://www.youtube.com/watch?v=ig8xJPVnbhI&feature=share&si=ELPmzJkDCLju2KnD5oyZMQ

**Прилог 37:** Агенда

**38. Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ивана Атанасовска од Битола, а во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Велес, односно постапките за отворање на Младински центар, на Локален младински совет, на Канцеларија за млади, како и за локалната Стратегија за млади и именувањето на Службеник за млади во Општина Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 27 септември 2022 година (арх. бр. 26-4291/1,2,3,4,5).

Одговорот по електронски пат е доставен до Ивана Атанасовска од Битола.

**39. Доставен одговор на Прашање од Агенција за млади и спорт во врска со процесот на формирање на Локален младински совет во Општина Велес**

По добиено Прашање од Агенција за млади и спорт во врска со процесот на формирање на Локален младински совет во Општина Велес беше транспарентно доставен одговор на 29 септември 2022 година (арх. бр. 11-4381/2, од 29 септември 2022 година).

Одговорот по електронски пат е доставен до претставникот на АМС, Јове Гиовски.

**40. Објавен Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), а согласно Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на

Локално Собрание на млади на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 11/22), Општина Велес објави Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес. Со тоа отпочна постапката за формирање на Локален Младински совет (ЛМС) при Општина Велес, како една од законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики (арх. бр. 11-4444/1, од 5 октомври 2022 година).
(**линк** од објава: https://veles.gov.mk/javen-povik-formiranje-io/).

**41. Донесено Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Врз основа на член 16 и 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), член 3 од Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес", бр. 11/22), Градоначалникот на Општина Велес, донесе Решение за формирање комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на локалното собрание на млади на општина Велес по објавен Јавен повик (арх. бр. 08-4444/4, од 17 октомври 2022 година).

**42. Претставување на програмските активности на Младински центар, Велес**

Преку интерактивни и информативни работилници, Младинскиот работник од Младински центар, Велес, заедно со Службеникот за млади од Општина Велес, во периодот од 17 до 31 октомври 2022 година, во сите општински средни училишта во градот ги презентираа и претставија програмските активности на Младинскиот центар. Во присуство на претставници на средношколските заедници, како и на одговорните професори за работењето на средношколските заедници и пред службите на самите училишта, Младинскиот работник и Службеникот за млади говореа за Законот за младинско учество и младински политики, како и за процесот на отворање на Младински центар во Велес, неговата улога, можностите кој ги нуди за младите во градот, можноста за волонтирање, а исто така и за останатите законски одредби кои произлегуваат од Законот.

**Линк од објава 1:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0aG29EiwkEqYCswTgbMQ7pDG53kFfS7rnDJ68PvKwQwkXXkHdQEpiEpL8aMaPNFW5l&id=100084437627643&mibextid=89stFX

**Линк од објава 2:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0TZ8752LJK9D2CE4ojR9NHmj6yvKySSAzstVEUYcNfasinw2Fvs1SUPD6H4tvP4cNl&id=100084437627643&mibextid=89stFX

**Линк од објава 3:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0uxFNZC5UDWjryR1Ac6REZiBFBsj9V9BdaQw87VLZb7rGDisp8zDAq2yu9ZgG6fKvl&id=100084437627643&mibextid=89stFX

**Линк од објава 4:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0JsfWLj1GXjoTgGLqxYZ6fgRT7epVTVnMbN5YakTQ5eCnZSdLffnDk4Rt9QF4kYkml&id=100084437627643&mibextid=89stFX

**43. Одржана седница на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес**

Согласно член 3 од Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 25-3143/3, од 01.07.2022 година), а во врска со Јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11/4444/1, од 05.10.2022 година) и Решението за формирање Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик (арх. бр. 08-4444/4, од 17.10.2022 година), Комисијата одржа седница на ден 20 октомври 2022 година, со почеток во 12:00 часот, во просториите на Општина Велес (арх. бр. од Дневен ред и Покана 02-4444/6, од 18 октомври 2022).

**44. Изготвен Записник од одржана седница на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот наконституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес**

Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик одржа седница на ден 20 октомври 2022 година (четврток), во просториите на Општина Велес, за што беше изготвен Записник (арх. бр. 02-4444/7, од 20 октомври 2022 година).

**45. Изготвено Мислење за Избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик, согласно заклучокот од Записникот (арх. бр. 02-4444/7, од 20 октомври 2022 година), изготви Мислење за избор на членови

во ИО и истото го достави до Градоначалникот на Општина Велес (арх. бр. 02-4444/18, од 03.11.2022 година).

**46. Донесено Решение за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Градоначалникот на Општина Велес, врз основа на даденото Мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик (арх. бр. 02-4444/18, од 03.11.2022 година), донесе Решение за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-4444/19, 04.11.2022 година).

**47. Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Центар на активни граѓани „АКТИВО", Велес, (арх. бр. 26-4943/1, од 11 ноември 2022 година), а во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 11 ноември 2022 година (арх. бр. 26-4943/2, од 11 ноември 2022 година).

Одговорот по електронски пат е доставен до Дејан Ристов, претседател на Здружението.

**48. Одговорен Прашалник за изработка на Национална Стратегија за млади 2023 – 2027 година.**

Од страна на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) беше доставена информација со Прашалник за пополнување од млади лица од Велес, а кој се однесува на прибирање податоци, идеи и сугестии за изработка на Национална Стратегија за млади 2023-2027 година. Истиот навремено е проследен до младинските организации, организациите за млади, општинските основни и средни училишта, тимот на волонтери во Младинскиот центар во Велес, како и до членовите на Ииницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Велес (бидејќи во моментот на добивање на Прашалникот, Локалниот младински совет не беше сè уште формиран).

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) ја поддржуваат Агенцијата за млади и спорт (АМС) во процесот на подготовка на Националната Стратегија за млади 2023 – 2027 година.

**49. Учество на обука за млади, Охрид**

Во рамките на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", поддржан од Европската Унија, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА, предвидени се сет на обуки за Локалните младински совети со цел јакнење на нивните капацитети. Овој процес е насочен кон поддршка

на Единиците за локална самоуправа за нивна подобра примена на Законот за младинско учество и младински политики.

Проектот овозможува учество на членови на Локалниот Младински Совет од Општина Велес на две (2) обуки, предвидени до крајот на 2022 година:

- Обука за Родова еднаквост, во периодот од 01 – 03 декември 2022 година и
- Обука за Превенција и справување со кибер-насилство помеѓу младите, во периодот 15 – 17 декември 2022 година.

Бидејќи во моментот на добивање на Поканата за учество на обуките, Локалниот младински совет во Општина Велес не беше формиран, а во консултација со организаторот, на обуките се пријавија членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади.

За проектот: Коалиција на младински организации СЕГА го спроведува проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", поддржан од Европската Унија, преку ИПА програмата. Целта на проектот е да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество. Проектот се спроведува во периодот јануари 2021 – април 2024 година (40 месеци), во партнерство со СОС Детско Село, Волонтерски Центар Скопје и Женски Форум, Тетово. Повеќе информации за проектот: www.mladieu.mk.

**50. Одржана конститутивна седница на Локално Собрание на млади на Општина Велес / Објавен Јавен повик за избор на членови на Локален Младински Совет на Општина Велес**

Општина Велес е во завршната фаза на формирање на Локалниот младински совет согласно Законот за младинско учество и младински политики.

На конститутивната седница на Локалното собрание на млади на Општина Велес, одржана на 2 декември 2022 година беше донесена Одлука за објавување на Јавен повик за избор на членови на Локаниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/48, од 2 декември 2022 година).

Локалниот младински совет (ЛМС) на Општина Велес претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање и здружување во Општина Велес, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Во ЛМС може да членуваат претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско здружување со свои претставници.

ЛМС на Општина Велес брои седум (7) членови.

Јавниот повик за избор на членови на Локалниот Младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/50, од 2 декември 2022 година) е транспарентно и навремено објавен на интернет страницата на Општина Велес, а рокот на пријавување е десет (10) дена, почнувајќи од петок, 2 декември 2022 година, вклучително со понеделник, 12 декември 2022 година, сметајќи од денот на објавување на Повикот.

Сите информации и документи во врска со Јавниот повик за избор на членови на Локалниот младински совет на Општина Велес, како и за целиот процес на формирање на Локален младински совет, се јавно и транспарентно објавени на

интернет страницата на Општина Велес, во делот „МЛАДИ" (https://veles.gov.mk/mladi-2022/).

**51. Одбележан 5 декември, Меѓународниот Ден на волонтерството**

Општина Велес го одбележа Меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември, со организирање на интерактивна панел дискусија со ученици од општинските основни и средни училишта од градот, претставници на ученичките заедници, на Младински центар од Велес, претставници на Локалното Собрание на млади на Општина Велес, како и со претставници на младите од граѓанскиот сектор од Велес.

За можностите за волонтирање кои ги нуди Општина Велес, на панел дискусијата говореше и Градоначалникот на Општина Велес, а меѓудругото одговараше и на директни прашања поставени од страна на присутните.

Модератор на настанот беше Службеникот за млади на Општина Велес.

**Прилог 51:** Агенда

**52. Учество на обука за млади во Маврово**

Општина Велес во соработка со Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите Нации (УНФПА) започнуваат реализација на нов партнерски проект насловен „Млади за инклузија, еднаквост и доверба". Во проектот се вклучени уште четири други општини, а целта е поддршка на младински иницијативи, поттикнување на меѓусебно разбирање и доверба.

Во рамки на тој проект ќе бидат реализирани повеќе активности, а една од нив е дводневна обука во Маврово (5 и 6 декември 2022 година).

По барање на организаторот за остварување контакти со едно општинско средно училиште и младински организации од Велес, деталите за обуката беа проследени до СОУ „Гимназија Кочо Рацин", Велес, како и до младинските организации.

По остварениот контакт, седум млади од училиштето и одоговорен професорземаа активно учество на обуката.

**Линк од објава:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid02mjZpu5k6Rq1q3XmdoGeAXMYjfzrSCy5fhTxoVME4ppBrFDg5y6FzbiRiZ41h2sCpl&id=100057761901963

**Прилог 52:** Агенда

**53. Консултација и дадено мислење во врска со изработка на Прирачник за работата на Службениците за млади**

Агенцијата за млади и спорт (АМС), во партнерство со Коалиција на младински организации СЕГА се во процес на изработка на Прирачник за работата на Службениците за млади. Процесот е поддржан од страна на Делегацијата на Европска Унија, како и на Мисијата на ОБСЕ.

По спроведена анализа за активноста во работата на Службениците за млади, претставници на Коалиција СЕГА стапија во контакт со Службеникот за млади во Општина Велес, беше доставена работната верзија на Прирачникот, врз основа на која Службеникот за млади достави свое мислење, предлози и сугестии во врска со истиот.

**54. Одржана седница на Комисија за подготовка на Деловник за работа на Локалното Собрание на млади**

По донесена Одлука за избор на членови на Комисија за подготовка на Деловник за работа на Локалното собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/51, од 09.12.2022 година) од страна на Локалното собрание на млади, трачлена Комисија беше формирана, која на ден 13 декември 2022 година (вторник) одржа седница на која беше подготвен Деловник за работата на Локалното собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/66, од 13.12.2022 година), согласно насоките од Прирачникот за Млокални младински совети.

Комисијата за својата работа подготви Записник (арх. бр. 11-4444/65, од 13.12.2022 година) кој е доставен до Локалното собрание на млади на Општина Велес.

**55. Одржана седница на Комисија за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет**

Согласно член 18 од Законот за младинско учество и младински политики и водејќи се според насоките од Прирачникот за Локални младински совети, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт, Комисијата одржа седница на 15 декември 2022 година, на која ги разгледа пристигнатите пријави од форми на младинско здружување и организирање по објавен Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес.

По извршената административна проверка, Комисијата изготви Записник за својата работа (арх. бр. 11-4444/71, од 15 декември 2022 година).

**56. Учество на конференција за активно вклучување на младинските организации и младите во процесите на креирање политики за животна средина, х. Хилтон, Скопје**

По покана од страна на Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Здружението за одржлив развој и заштита на животна средина ГОУ ГРИН, Центарот за климатски промени и Здружението на млади „Креактив“, дел од волонтерите на Младинскиот центар од Велес земаа активно учество на конференцијата насловена „Зазеленување на младинското учество и политики“.

Главна цел на конференцијата е истакнување на важноста и поттикнување дебата за активно вклучување на младинските организации и младите во процесите на креирање политики за животна средина на локално ниво, како и зајакнување на соработката меѓу младите/младинските организации и локалните самоуправи за унапредување на животната средина, справување со постоечките проблеми, моментална состојба и предизвици.

Конференцијата се одржа на 20 декември 2022 година, во хотел Хилтон во Скопје и on-line преку платформата ZOOM, а се организира како дел од проектот „Младински активизам за позелени општини“ кој е поддржан од Европската Унија, во рамки на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2020 - Support to civic youth initiatives, activism and volunteering in local communities.

**57. Одржана Прва седница на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

Согласно Статутот на Општина Велес и Деловникот за работа на Локалното собрание на млади на Општина Велес, на ден 21 декември 2022 година (среда), со почеток во 10:00 часот, во просториите на Општина Велес (Електронска сала) се одржа Првата седница на Локалното Собрание на млади на Општина Велес.

На истата покрај членовите на Собранието и Службеникот за млади, беа поканети и присуствуваа претставници на Коалицијата на младински организации СЕГА кои како стратешки партнер на Агенцијата за млади и спорт (АМС) се задолжени за спроведување и следење на процесот на формирање на Локални младински освети во општините на национално ниво.

На седницата беа донесени повеќе Одлуки, меѓу кои и Одлука за избор на членови на Локален младински освет на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/77, од 22.12.2022 година).

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Статутот на Општина Велес и насоките од Деловникот за работа на Локалното собрание на млади, Локалното собрание на млади на Општина Велес донесува Одлука за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, по доставен Записник од работата на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес, односно по разгледувањето и административната проверка на пристигнатите пријави за номинирање на лица за членови во Локалниот младински совет по објавен Јавен повик, како и по доставувањето на Записникот од истата Комисија со список на избрани членови на ЛМС од страна на Собранието.

Собранието ја доставува оваа Одлука до Советот на Општина Велес за нејзино усвојување и верификација на мандатите на новоизбраните членови на Локалниот младински совет на Општина Велес.

**58. Последна точка. Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни**

Со цел навремено информирање, остварување на контакти и продлабочување на соработка, реализација на иницијативи и проектни активности, Службеникот за млади по неговото назначување, остварува и одржува редовна комуникација со сите засегнати страни од делокругот на неговата работа: со млади од заедницата, младинскиот работник од Младинскиот центар во Велес, со останати Службеници за млади од други општини, со претставници на младински чадор организации, Сојуз за младинска работа (СМР), Коалиција на младински организации СЕГА, со претставници на Агенцијата за млади и спорт (АМС), со младински организации, организации за млади, Здруженија на граѓани од градот и државата и со останати форми на младинско организирање и здружување, претставници на странски амбасади, меѓународни фондови и организации, УНДП, УНФПА, Делегација на Европска унија, Европските куќи од Скопје, Крива Паланка и Струмица, Мировен корпус, ОБСЕ и други, а истовремено остварува и одржува редовна комуникација и соработка и со Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

Согласно член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади е обврзан да изготви годишен Извештај за својата работа и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, а поради почитување на принципите за транспарентност и јавност, го доставува и до Советот на Општина Велес.

Следствено на ова, Извештајот ќе биде јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес (во делот *„МЛАДИ" / „СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ"*, линк: https://veles.gov.mk/sluzbenikmladi/).

**Легенда на кратенки:**

1. АМС – Агенција за млади и спорт
2. ГО – Граѓанска организација
3. ЕУ – Европска Унија
4. ЗГ – Здружение на граѓани
5. ИО – Иницијативен одбор
6. ЈП – Јавно претпријатие
7. ЛБ – Локална библиотека
8. ЛМС – Локален младински совет
9. ЛСМ – Локално собрание на млади
10. МОФ – Младински образовен форум
11. НВО – Невладина организација
12. Н.Е. – Негова Екселенција
13. НМСМ – Национален младински сојуз на Македонија
14. НУ – Национална установа
15. ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа
16. ОО Црвен крст – Општинска организација на Црвен крст
17. РСМ – Република Северна Македонија
18. СДЦ - Швајцарска агенција за развој и соработка
19. СЕГА – Коалиција на младински организации СЕГА
20. СМР – Сојуз за младинска работа
21. СОВ – Совет на Општина Велес
22. УНДП – Програма за развој на Обединетите нации
23. УНФПА – Фонд за население на Обединетите нации
24. УПОЗ - Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани

**Прилози:**

Прилог 1 - Извештај за работата на Службеникот за млади во 2021 година;

Прилог 2 - Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес за 2021 година;

Прилог 5 - Одлука за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес;

Прилог 6 - Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес;

Прилог 11 - Решение за именување на членови на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар во Велес;

Прилог19 - Покана Синдикат работилница;

Прилог22 - Покана Регионална средба Службеници за млади СМР;
Прилог24 - Агенда „Младински активизам за позелени општини“;
Прилог25 - Одлука СОВ за формирање на ИО;
Прилог28 - Покана завршна конференција _DIGY_Службеник за млади;
Прилог32 - Покана, Обука, Попова Шапка;
Прилог33 - Мировен корпус, Агенда;
Прилог34 - Покана, Меѓународна конференција,Осијек, Хрватска;
Прилог36 - Покана, СМР, Скопје;
Прилог37 - Агенда ЕНМ 2022;
Прилог 51 - Агенда, Ден на волонтерство;
Прилог 52 – Агенда, Маврово, УНДП.

**Доставено до:**

- Градоначалник на Општина Велес;
- Совет на Општина Велес;
- Агенција за млади и спорт;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.

**Датум:**
**3 јануари 2023**
**Велес**

**Изработил:**
**Службеник за млади во Општина Велес,**
**Владимир Смилев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС